Дневник 1953–1958

Витолд Гомбрович

The translation was kindly supported by the Fund for
Central & East European Book Projects, Amsterdam

Преводот на делото е поддржан од Фондот за книжевни
проекти од Централна и Источна Европа, Амстердам



Република Северна Македонија
Министерство за култура

Едиција **Перископ**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Witold Gombrowicz, Dziennik 1953–1958

Copyright © Rita Gombrowicz and Institut Littéraire
All rights reserved

Јазична редакција
Лидија Танушевска

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Ѓорѓе Јовановиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Дневник 1953–1958

Витолд Гомбрович

Превод од полски јазик
Филип Димевски

Скопје, 2021

Воведна реч[1]

Оваа книга ги опфаќа текстовите од мојот дневник, печатен во „Култура“ – дополнети со досега необјавени фрагменти. Ми остана уште нешто во ракопис, но тој остаток – поприватен – претпочитам да не го вклучам. Не сакам да се изложувам на проблеми. Можеби некогаш... Подоцна.

Дневников е мошне неуредно писание, од месец на месец – несомнено честопати се повторувам, честопати си противречам. Да го средам тоа? Да го прочистам? Претпочитам да не биде премногу дотеран.

Две статии од тие години се сместени на крајот од книгата, затоа што се поврзани со проблематиката на дневникот и со мојот живот од тој период.

Витолд Гомбрович

[1] Се однесува на првиот том на „Дневник 1953–1956“, во формата во која бил објавен во издание на „Литературниот институт“ во Париз во 1957 год.

1953

[1]

Понеделник

Јас.

Вторник

Јас.

Среда

Јас.

Четврток

Јас.

Петок

Јузефа Расимињска великодушно ми достави неколку броеви „Вести“ и „Живот“[2], а воедно ми падна в раце неколку примероци од домашниот печат. Ги читам тие полски весници како приказна за некој совршено познат и близок човек, кој, сепак, ненадејно заминал, на пример, во Австралија и таму доживува чудни авантури... што веќе до таа мера се нестварни, што се однесуваат на некој друг и нов човек, кој е единствено во состојба на лабава иден-

[2] „Вести“ (пол. „Wiadomości“) – полски емиграциски општествено-културен неделник, издаван во годините 1946–1981 во Лондон. „Живот“ (пол. „Życie“) – илустриран литературно-артистичко-општествен неделник, којшто бил основан во 1897 г. и бил објавуван во Краков и во Лавов.

тичност со личноста што одамна сме ја познавале. Толку е силно присуството на времето на страниците, што во нас се одзива гладот за непосредност, волјата за живот, па макар и за несовршена реализација. Но, животот е како зад стакло – оддалечен – сè како да не е веќе наше, како да е гледано од воз.

Кога барем би можело во тоа кралство на времената фикција да се чуе реален глас! Не – тоа или се одгласи од пред петнаесет години, или се научени песни. Домашниот печат, пеејќи по обврзувачката нота, молчи како гроб, како понор, како тајна, а емиграцискиот печат е – добродушен. Несомнено, духот ни станал подобродушен во емиграција. Емиграцискиот печат потсетува на болница, каде што на реконвалесцентите им се даваат само лесно сварливи супички. Зошто да се расчепкуваат рани? Зошто да ѝ се додава уште суровост на онаа со која животот нè миропомазал и, впрочем, зар не треба да се однесуваме учтиво штом веќе сме добиле шлаканица?... Овде, значи, владеат сите христијански доблести, добрината, човечноста, сочувството, почитувањето на човекот, умереноста, скромноста, пристојноста, промисленоста, разумот и сè што се пишува е, пред сè, добродушно. Толку доблести! Не би биле толку доблесни кога би се држеле поцврсто на нозе. Не ѝ верувам на доблеста на оние што доживеале неуспех, на доблеста изродена од неволја и сета таа моралност ме потсетува на зборовите на Ниче: „Олабавувањето на нашите принципи е последица на нашата исцрпеност.“

Спротивно на гласот на емиграцијата, гласот на Полска одекнува остро и категорично, дури е

тешко да се поверува дека тоа не е глас на вистината и животот. Овде, барем, се знае за што се работи – бело и црно, добро и лошо – овде моралот звучи громогласно и мава како стап. Тој пој би бил прекрасен кога пејачите не би биле преплашени од него и кога во гласот не би им се слушал трепетот што го буди сочувството... Во гигантскиот молк се обликува нашата неизречена, нема и заглавена стварност.

Четврток

„Краков. Статуи и палати, кои ним им се чинат
прекрасни – кои за нас, Италијанците,
се без поголема вредност."
Галеацо Чано, *Дневник*

Напис на Лехоњ во „Вести" под наслов „Полската книжевност и книжевноста во Полска."

До која мера тоа може да биде искрено? Тврдењава стремат уште еднаш (ах, веќе толку пати!) да укажат дека сме им рамни на најдобрите светски книжевности – рамни, но занемарени и недоволно ценети! Пишува (поточно, вели, бидејќи тоа било предавање одржано во Њујорк за тамошната полска емиграција):

„Нашите луѓе, вешти во писмото, поради тоа што претежно се зафатени со полските прашања, не можеа да ја исполнат задачата да ѝ го одредат на нашата книжевност вистинското место меѓу останатите, да пронајдат светски ранг за нашите

ремек-дела... Само големиот поет, мајсторот на својата сопствена реч... би можел на своите земјаци да им даде претстава за нивото на нашите поети, рамни на најголемите на светот, да ги увери дека таа поезија е од истиот метал, од истиот најквалитетен материјал како Данте, Расин и Шекспир."

И така натаму. Од истиот метал? Ова, се чини, не му пошло од рака на Лехоњ. Зашто токму материјата, од која е направена нашата книжевност, е поинаква. Да се споредува Мицкевич со Данте или со Шекспир е како да споредуваш овошка со слатко, природен производ со преработен, ливада, поле и селце со катедрала или со град, селска душа со градска душа, настаменета во луѓето, а не во природата, исполнета со знаење за светот на човечкиот род. Бил ли Мицкевич помал од Данте? Ако веќе треба да се впуштаме во такви споредби, да речеме дека тој го гледал светот од благите полски ридови додека Данте бил извишен на врвот на моќна планина (составена од луѓе), од која се отвораат поинакви перспективи. Данте, и да не бил „поголем", бил сместен повисоко: затоа надвладува.

Сепак, да го оставиме тоа. Повеќе мислам на старомодноста на методот и вечната повторливост на тој поткрепувачки стил. Кога Лехоњ гордо напомнува дека Лотреамон „се повикувал на Мицкевич", мојата уморна мисла извлекува од минатото мноштво, слични на тоа, горди откровенија. Колку ли пати овој и оној, можеби Гжимала, или и Дембицки, им докажуваа *urbi et orbi*[3] дека, сепак, не сме

[3] (лат.) На градот (Рим) и на светот (прен.: на сите и секому).

ѝ испаднале на стрчката од под опашот, бидејќи „Томас Ман ја прогласил *Небожествената комедија* за големо дело“ или „*Quo vadis* е преведена на сите јазици“. Со овој шеќер одамна се крепиме. Но, би сакал да го дочекам мигот кога коњот на нацијата со забите ќе ја зграпчи слатката рака на сите тие Лехоњи.

Го разбирам Лехоњ и неговиот потфат. Тоа е, пред сѐ, патриотска должност, имајќи го предвид историскиот момент во присилна туѓина. Тоа е ролјата на полскиот писател. А второ, тој сигурно, во извесна мера, верува во тоа што го пишува – велам „во извесна мера“, бидејќи тоа се вистини од видот на оние што бараат многу добра волја. И, нормално, ако станува збор за „конструктивност“, тогаш овој настап е потполно конструктивен и сто проценти позитивен.

Добро. Но, мојот однос кон тие прашања е поинаков. Еднаш ми се случи да учествувам на еден од тие состаноци, посветени на заемното полско поткрепување и охрабрување... каде што, откако се испеа „Рота“[4] и се одигра краковјак, се пристапи кон слушање на говорникот што ја славеше нацијата, зашто „ние го дадовме Шопен“, зашто „ја имаме Кири-Склодовска“, и Вавел, како и Словацки, Мицкевич и, освен тоа, бевме бедемот на христијанството, а Уставот од 3 Мај беше многу напреден... Си објаснуваше себеси и на присутните дека сме голем народ, што, можеби, веќе не поттикнуваше

[4] (пол.) „Чета“ – песна од Марија Конопњицка, а исто така и патриотска химна.

одушевеност кај слушателите (на кои им беше познат овој ритуал – учествуваа во него како во богослужба од која не треба да се очекуваат изненадувања), иако тоа беше примено со некој вид задоволство што е исполнета патриотската должност. Ама јас го чувствував тој обред како родум од пеколот, таа национална богослужба ми стануваше нешто сатански подбивно и злобно гротескно. Зашто тие, издигнувајќи го Мицкевич, се понижуваа себеси – и со таквото величање на Шопен укажуваа токму на тоа дека не се дораснати за Шопен – а восхитувајќи ѝ се на сопствената култура, го разоткриваа својот примитивизам.

Генијалци! По ѓаволите со тие генијалци! Сакав да им речам на присутните: – Што ми е гајле мене за Мицкевич? Вие за мене сте поважни од Мицкевич. И ниту јас ниту никој друг нема да го суди полскиот народ според Мицкевич или Шопен, туку според тоа што овде, во салава, се случува и се зборува. Дури и кога би биле толку сиромав народ во величината што вашиот најголем уметник би бил Тетмајер или Конопњицка, но кога би умееле за нив да зборувате со слобода на духовно слободни луѓе, со умереност и трезвеност на зрели луѓе, кога вашите зборови не би го опфаќале хоризонтот на паланката туку на светот... тогаш дури и Тетмајер би ви станал повод за фалба. Но, вака како што стојат работите, Шопен и Мицкевич ви служат само за да се истакне посилно вашата маленкост – бидејќи вие, со детска наивност, му ги мавтате тие полонези пред носот на мрзоволното странство само за да си го зајакнете разнишаното чувство за

сопствената вредност и да си дадете себеси некаков значење. Вие сте како сиромав што се фали дека баба му имала имот и престојувала во Париз. Вие сте сиромави роднини на светот што се трудат да си импонираат себеси и на другите.

Сепак, не беше тоа најлошото и најтрогателното, најпонижувачкото и најболното. Најстрашното беше што се жртвуваше животот, современиот разум во корист на покојници. Бидејќи академијава можеше да се опише како заемно затапување на Полјаците во името на Мицкевич... и ниеден од присутните не беше толку неразумен како собиров што го претставуваа и што блуеше излитени, претенциозни, лажни флоскули. Собиров, впрочем, знаеше дека е неразумен – неразумен затоа што поведува прашања што ниту умствено ниту чувствено не ги совладал – и оттаму таа почит, таа желна покорност спрема флоскулата, тој восхит кон Уметноста, тој договорен и изучен јазик, тој недостиг на совесност и искреност. Овде се рецитираше. Но, собиров беше обележан со притеснетост, извештаченост и фалшивост и поради тоа што во него учествуваше Полска, а спрема Полска Полјакот не знае да се однесува, таа го збунува и го афектира – го обесхрабрува до тој степен што ништо не му „излегува“ како што треба и го доведува до состојба на грч – премногу сака да Ѝ помогне, премногу копнее да Ја возвиши. Забележете дека пред Бога (в црква) Полјаците се однесуваат нормално и исправно – пред Полска се губат, тоа е нешто на што сè уште не се привикнале.

Се сеќавам кога бев на чај во еден аргентински дом каде што мојот познајник, Полјак, почна да

зборува за Полска – и пак, нормално, се појавија на маса Мицкевич, Кошќушко заедно со кралот Собјески и битката кај Виена. Странците учтиво ги слушаа пламените тврдења и примаа на знаење дека „Ниче и Достоевски биле со полско потекло“ и дека „имаме две Нобелови награди за книжевност“. Си помислив, кога некој на тој начин би се фалел себеси или своето семејство, би било крајно нетактично. Си помислив дека ова лицитирање со другите народи околу генијалците и јунаците, културните заслуги и достигнувањата е многу неумесно во поглед на пропагандната тактика – бидејќи со нашиот полуфранцуски Шопен и со не сосема роднокрајниот Коперник не можеме да ги издржиме италијанската, француската, германската, англиската, руската конкуренција; значи, тоа гледиште нè осудува токму на подреденост. Странците, сепак, не престануваа да слушаат трпеливо, како што се слушаат оние што, претендирајќи да бидат аристократи, постојано потсетуваат дека прапрадедо им бил ливски кастелан. А слушаа со уште поголема досада зашто тоа воопшто не се однесуваше на нив, бидејќи самите тие, како млада нација и, за среќа, лишена од генијалци, беа надвор од конкуренција. Но, слушаа снисходливо и дури благонаклонето, зашто, најпосле, се соживеаја со психолошката ситуација на *del pobre polaco*[5]; овој, пак, занесен во својата улога, не престануваше.

Но, мојата ситуација, како полски книжевник, стануваше сè подрастична. Ни најмалку не се палам

[5] (шпан.) Кутриот Полјак.

да репрезентирам што било освен лично себеси, сепак тие функции на репрезентант ни ги наметнува светот наспроти нашата волја и не е моја вина што за Аргентинциве бев претставник на современата полска книжевност. Значи, имав избор: или да го ратификувам овој стил, стил на сиромашен роднина, или да го уништам – при што уништувањето би морало да се спроведе на сметка на сите, помалку или повеќе, ласкави и корисни информации што беа дадени на знаење, и тоа, секако, би било на штета на нашите, полски, интереси. Меѓутоа, не нешто друго, туку токму националното достоинство не ми дозволи никакви калкулации – бидејќи, несомнено, сум човек со изострено чувство за лично достоинство, а таквиот човек, дури и кога не би бил врзан со нацијата преку спрегите на обичниот патриотизам, секогаш ќе внимава на националното достоинство, макар и само поради тоа што не може да се одвои од нацијата и пред светот е Полјак – оттаму секое понижување на нацијата го понижува и него лично пред луѓето. А, пак, овие чувства, некако присилни и независни од нас, се стопати посилни од сите научени и банални сентименти.

Кога нè обзема такво чувство, посилно од нас, дејствуваме некако потамина и таквите мигови се важни за уметникот, бидејќи тогаш се изградуваат појдовните основи на формата, се одредува ставот спрема жешкото прашање. Што реков? Бев свесен дека само радикалната промена на тонот може да донесе ослободување. Па така, се потрудив во мојот глас да се појави *омаловажување* и почнав да зборувам како некој што не им придава поголемо

значење на досегашните достигнувања на нацијата, чие минато е помалку важно од иднината – за која највисок закон е законот на сегашноста, законот на максималната духовна слобода во дадениот миг. Истакнувајќи ги странските примеси во крвта на Шопените, Мицкевичовците, Коперниците (за да не се мисли дека имам нешто да кријам, дека што било може да ми ја одземе слободата на движењето), реков дека, впрочем, не треба да се зема премногу сериозно метафората дека ние, Полјаците, сме му ги „дале“ на светот; зашто тие само се родиле меѓу нас. Што има заеднично со Шопен некоја госпоѓа Ковалска? Дали затоа што Шопен ги напишал баладите макар за трошка го зголемува вредносниот багаж на господинот Повалски? Може ли битката кај Виена да му придодаде макар грам слава на господинот Жембицки од Радом? Не, не сме (реков) ние непосредни наследници ниту на минатата величина ниту на маленкост – ниту на разум ниту на глупавост – ниту на доблест ниту на грев – и секој е одговорен само за себе, секој е свој.

Тука, сепак, добив впечаток дека не сум доволно длабок и дека (ако тоа што го зборувам треба да има ефект) би требало да се разгледа работава во пошироки размери. Така, признавајќи дека до одреден степен – во големите достигнувања на нацијата, во делата на нејзините творци – се појавуваат специфични квалитети, својствени за дадена група, и тие набои, енергии, драж што се раѓаат во масата го претставуваат нејзиниот израз – удрив во самиот темел на националното самообожавање. Реков дека ако вистински зрелата нација мора со

умереност да суди за сопствените заслуги, тогаш и вистински животворната нација мора да научи да ги омаловажува, таа мора задолжително да биде *надмена* во однос на сè што не е нејзино денешно актуелно прашање и нејзино современо создавање...

„Деструкција“ или „конструкција“? Сосем сигурно – овие зборови беа дотолку разорни, што го поткопуваа вредното здание на „пропагандата“, а дури можеа и да ги огорчат странциве. Ама какво уживање: да се зборува не за некого, туку за себе! Кога секој збор те зацврстува посилно во себе, ти придодава внатрешна сила, те ослободува од илјадници страшни калкулации, не кога зборуваш како роб на ефектот, туку како слободен човек!

Et quasi cursores, vitae lampada tradunt[6].

Но, дури на самиот крај од мојата филипика ја пронајдов мислата што – во атмосферата на оваа матна импровизација – ми се виде најпрецизна. Именно, дека ништо сопствено не може да му импонира на човека; ако, пак, ни импонира нашата величина или нашето минато, тоа е доказ дека тие не ни влегле во крвта.

Петок

Во „Вести“, најкарактеристични се писмата од читателите.

[6] (лат.) И како тркач штафетата на животот ја предаваат (Лукреций).

„До Уредникот на 'Вести': Во последниот број Збишевски, како и секогаш, е непромислен, на Мацкевич му недостига перспектива, затоа, пак, Наглерова е прсти да лижеш. – Феликс З."

„До Уредникот на 'Вести'... Штета што нашите писатели толку малку работат на себе, добар материјал, но неисшлифуван, само Хемар е вистински Европеец. Треба да се работи! Јузеф Б."

„До Уредникот на 'Вести'... Во претходното писмо пишував дека господин Роман е подобар од Жеромски, сега ќе речам дека е воопшто најдобар, проклет да бидеш, господине Роман, за последниот подвиг, па тоа е бисер!!! Само продолжи така! Баknежи за децата! Константи Ф."

Добродушно катче! Катче каде што и господин Винценти може да се искаже, и господин Валери да ѝ даде израз на својата огорченост, и госпоѓа Франќишка да се истакне со своето знаење. Што има лошо во тоа? Ништо, несомнено, ништо. Впрочем, на тој начин се популаризира книжевноста и со тоа расте просветеноста.

А сепак, ова потајно изживување на луѓе што не стекнале право за фигурирање на друго место, помалку добродушно... ете, велам, оваа добродушност ме дразни. Бидејќи Книжевноста е дама со строги обичаи и не треба да се потштипнува по ќошиња. Одлика на книжевноста е острината. Дури и онаа книжевност што добродушно му се смешка на читателот е резултат на остриот, тврд развој на нејзиниот творец. И книжевноста мора да тежнее кон заострување на духовниот живот, а не кон таква скриена толеранција.